**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06. 12. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6240 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 21 до 30 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 6 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
  „(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
  *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*"
- **Член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
  „(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
  *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
  *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*"
- **Член 75-б од Изборниот законик**
  „*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект.“*

## 6. Констатации од надзорот:

Член 75 ставови 1 и 2; член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик

***Дневно-информативни емисии***

Овој, деветти по ред извештај, се однесува на периодот од 21 до 30 ноември, односно на првиот десетдневен период во кој се анализира изборното медиумско известување во дневно-информативните емисии во текот на изборната кампања. Примерокот, согласно Методологијата, е проширен на две дневно-информативни емисии од ударното време и опфаќа по десет изданија на „Дневникот“ во 19 и „Дневникот“ во 23 часот и осум изданија на „Бизнис вестите“ (кои не се емитуваат во текот на викендот). Вкупната должина на анализираните прилози изнесува 9 часа 22 минути и 6 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| **Активности на органите на власт** | | | |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:48 | 15,10 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:46 | 18,94 | % |
| Влада на РМ | 00:09:52 | 39,21 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:02 | 4,11 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:12 | 8,74 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:22 | 5,43 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:01:22 | 5,43 | % |
| Други субјекти | 00:00:46 | 3,05 | % |
| **Вкупно за тема:** | **00:25:10** | **100** | **%** |
| **Други теми поврзани со избори** | | | |
| Експерти/аналитичари | 00:06:49 | 7,63 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:30:34 | 34,24 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:06:34 | 7,35 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:11 | 0,21 | % |
| Привремена комисија | 00:04:45 | 5,32 | % |
| Други субјекти | 00:28:53 | 32,35 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:16 | 1,42 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:07:10 | 8,03 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:36 | 2,91 | % |
| Влада на РМ | 00:00:29 | 0,54 | % |
| **Вкупно за тема:** | **01:29:17** | **100** | **%** |
| **Активности на учесници во изборна кампања и кандидати** | | | |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 03:28:09 | 60,22 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:47:25 | 31,08 | % |
| Либерална партија | 00:04:46 | 1,38 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:16:45 | 4,85 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Левица | 00:06:35 | 1,90 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:58 | 0,57 | % |
| | **Вкупно за тема: 05:45:38** | **100** | **%** |

Со почетокот на изборната кампања, во сила влегува принципот за утврдување на балансот во известувањето за активностите на учесниците во изборната кампања – според бројот на потврдени листи со кандидати за пратеници, и имајќи го предвид интензитетот на кампањата. Во двете анализирани изданија на вестите, за известување од активностите во кампањите на коалициите и партиите се издвоени 5 часа 45 минути и 38 секунди (Табела 1). Времето посветено на известување за четирите политички субјекти кои имаат по седум листи со потврдени кандидати е распределено на следниов начин: најмногу е издвоено за информирање за митинзите и средбите на претставниците на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ - 3 часа 28 минути и 9 секунди (60,22%). Во ова време влегуваат и неколкуте минути во кои странски политичари говорат на митинзите на оваа Коалиција; следува Коалицијата предводена од СДСМ со 1 час 47 минути и 25 секунди (31,08%); за ДУИ има 16 минути и 45 секунди (4,85%), а за Коалицијата ВМРО за Македонија нема информации. Известувано е за активностите на трите учесника во изборната кампања кои имаат по пет потврдени листи со кандидати – за Левица, за која има 6 минути и 35 секунди (1,90%), за Либерална партија – 4 минути и 46 секунди (1,38%) и за ДПА – 1 минута и 58 секунди (0,57%). Нема информации за активностите на Коалицијата за промени и правда која има листи во шест изборни единици, за двата субјекти со по четири листи – Коалицијата Алијанса за Албанците и Беса и за ПДП која има една листа.

За активностите на власта е информирано во прилози со траење од 25 минути и 10 секунди (Табела 1) и станува збор за прилози поврзани за странските инвестиции и слободните зони, отплата на дел од долгот и новите задолжувања на државата, мерки за субвенционирање, за работата на автопатската делница Демир Капија – Смоквица, билатерални средби и за акцијата „Ден на дрвото". Двете најголеми коалиции се појавуваат како субјекти во оваа група прилози преку активностите/ставовите за „Денот на дрвото".

Прилозите за други теми поврзани со избори траат 1 час 29 минути и 17 секунди (Табела 1). Во оваа тема се категоризирани прилозите кои говорат за активностите на странски субјекти (доколку не се поврзани со активностите од изборните кампањи), пренесени написи од странски и домашни медиуми, анкети за рејтинзите на политичките субјекти, интервјуа со домашни и странски лица, ставови на експерти, на граѓански здруженија, ДИК итн. Коалициите предводени од СДСМ и од ВМРО ДПМНЕ се јавуваат во ова време поради: прилогот за одложување на рочиштето за судењето на Зоран Заев од случајот „Поткуп", коментаторскиот извештај за доделувањето орден на Владимир Милчин од косовскиот претседател, извештајот за кршењето штаб на ВМРО ДПМНЕ, користењето малолетници во кампања, прилози за заклучувањето на Избирачкиот список. ДУИ е субјект во прилогот за средбата на евроамбасадорот Самуел Жбогар со претставници на оваа партија.

Во сите прилози со информативни жанрови, најмногу време за директни обраќања има за претставниците на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ – 2 часа 17 минути и 44 секунди (49,85%), а потоа за Коалицијата предводена од СДСМ – 1 час 12 минути и 28 секунди (26,23%). Нема други субјекти со застапеност поголема од 1 час (Табела 2).

***Табела 2: Директни обраќања на субјектите***

| ТВ СИТЕЛ | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 02:17:44 | 49,85 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 01:12:28 | 26,23 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:12:38 | 4,57 | % |
| Левица | 00:03:11 | 1,15 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:18:47 | 6,80 | % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:46 | 0,28 | % |
| Либерална партија | 00:02:52 | 1,04 | % |
| Граѓански сектор | 00:01:55 | 0,69 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:01:16 | 0,46 | % |
| Влада на РМ | 00:03:51 | 1,39 | % |
| Други субјекти | 00:11:51 | 4,29 | % |
| Привремена комисија | 00:02:10 | 0,78 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:02 | 0,37 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:05:48 | 2,10 | % |
| | **Вкупно: 04:36:19** | **100** | **%** |

Коментарите, осврtите и други прилози во кои се изнесуваат ставови (со исклучок на извештаите) зафаќаат 1 час 42 минути и 1 секунда од времето во дневниците во 19 и во 23 часот.

На 21 ноември во двете анализирани изданија на „Дневникот" се емитува осврт „Анализа: На 11 декември ќе се гласа за суверена и унитарна Македонија или бинационална држава" (4 минути и 14 секунди) во кој има ново навраќање на изјавата на Зоран Заев за, како што се вели во прилогот „идејата на Зоран Заев за редефинирање на државата по принципот на двојазичност" претходно дадена пред дијаспората во Берн, Швајцарија. Повод за реактуелизацијата се изјави на политички партии од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Најпрвин се емитува дел од обраќањето на Никола Груевски на оваа тема на промоцијата на изборната програма на партијата одржана претходниот ден, по што се репризира изјавата на Заев во врска со Охридскиот рамковен договор и употребата на албанскиот јазик на територијата на Република Македонија и се вели дека ваквите изјави предизвикале „остри реакции во насока дека крајната цел е продлабочување на кризата во Македонија и по изборите". Со најава дека и други партии реагирале, се емитуваат изјава на Љупчо Димовски од СПМ и Страшо Ангелов од МААК и соопштение од ТМРО – три партии од Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Прилогот има негативна рамка за СДСМ.

На 22 ноември во коментаторскиот извештај „Милчин одликуван на Косово за заслуги за Албанците на Балканот" (1 минута и 55 секунди) има негативна рамка за СДСМ. Телевизијата информира за тоа дека косовскиот претседател Хашим Тачи доделил одликувања за заслуги за унапредување на Албанците, при што фокусот е ставен на тоа дека покрај 100 други лица од Македонија, меѓу кои Али Ахмети и Мендух Тачи, вакво одликување добил и „Владимир Милчин, доскорешниот прв човек на Сорос во Македонија". Во вториот дел од прилогот, медиумот коментира дека одликувањето „не е изненадување, со оглед на тоа што минатата година тој организираше митинг на СДСМ на кој беа декларирани ставовите кои денеска се изборна платформа на партијата – двојазичност и промена на Уставот". Се наведува дека на тој митинг имало „поддржувачи и членови на косовската бригада на УЧК кои нескриено ги истакнуваа и симболите на голема Албанија" и дека на настанот била „истакната и јавна поддршка за 113-та Косовска бригада, именувана по Исмет Јашари, чии членови и челни луѓе го предводеа упадот во Куманово една недела пред самиот митинг. Во таа пресметка со терористите паднаа осум полициски животи. На тоа се надоврзуваат и симболите за идеите за голема Албанија со кои насекаде на Балканот се предизвикуваат инциденти, поткрепени и со скандирања за УЧК. Заев и СДСМ потоа ја почнаа кампањата за привлекување на албанските гласачи". Прилогот, кој има негативна рамка за СДСМ, е емитуван во двете анализирани изданија на Дневникот, со тоа што во она од 19 часот не е означен со телоп.

На 23 ноември, Дневникот во 19 часот започнува со содржина означена како уреднички коментар во траење од 6 минути и 23 секунди, во која има негативен тон и рамка за СДСМ и позитивна рамка за ВМРО ДПМНЕ. Во неа не се почитуваат професионалните начела од членот 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ). Како што може да се види од цитатите дадени во продолжение, во оваа содржина нема објективно и непристрасно прикажување на настаните, ниту еднаков третман на различните гледишта и мислења, и наместо на публиката да и се овозможи слободно да го оформи своето мислење за настаните и прашањата – таа е подложена на убедување, наметнување мислење, манипулирање

со информации и заплашување со губење на државата, губење на работните места, војна и со тврдењето дека во Македонија нема да има судски систем туку „ќе имаме наци систем". Имено, во овој сегмент од Дневникот, авторот говори за тоа дека „Зоран Заев и СДСМ продолжуваат со централна своја кампања, а тоа е понуда на двојазичност и кантонизација, што би се рекло во германското, или федерализација, во англосаксонското право". Се вели дека Заев сега, бидејќи видел каков шок предизвикал кај своите гласачи со најавата за промена на Уставот „се обидува да ретерира и дека такво нешто никогаш не рекол", но во „Дневникот" ќе се види дека рекол, а ќе рече и пак. Потоа се вели дека „најверојатно, она што беше најавувано и како изјави давано на почетокот на годинава, па сè до септември, неколку пати од албанската емиграција во Европа, дека имаат дил, договор направено со Зоран Заев се потврди како точно. Имено, од Косово, Хашим Тачи му даде признание и благодарност на првиот човек на Сорос веќе 20-тина години Владимир Милчин, човек кој и кадровски е во СДСМ и самиот беше во врвот на СДСМ, во раководството, а и материјално ја помага сите политички интереси кои ги спроведуваат луѓето блиски до социјалдемократите низ проекти на Сорос". Се вели „постои дил кој е очигледен и потврден пред сè помеѓу албанската емиграција" пред која Заев говорел во Швајцарија за тоа „дека ќе направи кантонизација, ќе го менува Уставот и ќе го укине сегашниот Рамковен договор проширувајќи го на нови можности за потреби на Албанците. Со тоа Македонците ја губат својата држава. Со тоа Македонците ја губат можноста еден ден да добијат сатисфакција за уставното име, за уставниот јазик и за нацијата македонска како таква" бидејќи „апсолутно секој Грк ќе има право да каже не гледаме зошто да го признаеме македонскиот јазик кој не е официјален, единствен, службен во таа држава. Исто е колку албанскиот, па ние ќе го признаеме за почеток албанскиот во Македонија, а потоа ќе видиме што ќе правиме со македонскиот. Работите се комплицирани, не се така едноставни. Самата понуда на Зоран Заев да стави таков крупен залак - двојазичност и кантонизација или федерализација само за да добие власт со албанските гласови, како македонска партија, ќе остави последици на долг рок". Доколку „хипотетички, не е можно, но хипотетички" СДСМ победи на изборите „Албанците, не само од Македонија, туку и од Косово и Албанија, прилично грубо ќе го потсетат, час поскоро да ги исполни своите барања, односно својата понуда за двојазичност и федерализација и тука бегање нема, па дури и да има и војна како во 2001". Доколку победи ВМРО ДПМНЕ „со 63 пратеници, како што очекуваат во таа партија, тогаш, ова прашање за одреден период се става надвор од сила и нема за што да се грижиме". Според авторот, „оваа шанса која им ја дава сега Зоран Заев", албанските радикали постојано ќе ја поставуваат до ДУИ или до ДПА или со оптоварување на албанско-македонските односи на секое ниво. Потоа се наведува дека Заев, „за да добие избори преку ред" употребил три елементи кои никогаш не се видени во Европа. Прво, за политички пропагандни цели користи туѓи снимки од телефонски разговори, чија автентичност не е потврдена и не се знае кој ги снимал, иако СЈО се сомнева, но има разлика од сомневање до пресуда, „и кога ќе пресуди некој тогаш ќе видиме. До тогаш, стои она што го знаеме – дека МВР нема капацитет да прислушкува и да создаде база од милион телефонски разговори, едноставно нема". Второ, „СЈО, кое служи по список, што Заев го даваше кои му се политички непријатели ги гони" медиуми, политичари, градоначалници, директори „тие се гонат за потреби на Заев. Како што тој кажа... СЈО е најсилно оружје на СДСМ за овие избори, што се гледа". Трето, откако видел дека ништо од ова нема да го спасат, СДСМ и Заев од кривичните постапки кое се во тек „како за корупција, така и за други нешта, се фрли на третото најкрупно за Македонија прашање, најопасно – тоа е федерализација, тоа е двојазичност". Авторот ги повикува граѓаните да замислат како би изгледала двојазичноста во нивните места на живеење – на шалтер, во школо, насекаде, дека двојазичноста „подразбира губење на работни места и отварање на нови работни места, кои треба да ги платат сите" за да се создаде можност услови за употреба на албанскиот јазик. „И сега ставете го тоа во низа за да не ви одземам време. Тоа не е процес кој туку така, може да се каже на избори – дајте ги албанските гласови. Најпосле, ако Заев добие албански гласови ДУИ и ДПА можат да кажат пријатно на политиката. Тоа на никого потоа не му требаат бидејќи ќе има СДСМ кој ќе ги исполнува барањата на Албанците. Тоа е само како вовед". Потоа се зборува и за Стево Пендаровски, кој својот народот го нарекувал стока, а од прилозите ќе се види дека „тој ќе го реформира и ќе го разбие целиот судски систем. Дека на СЈО ќе му се дадат надвор од сегашните, нови опции, СЈО да апси, гони и суди. Нема да имаме

судски систем, ќе имаме наци систем во кој без судови, една партиска структура, на луѓето ќе им пресудува, ќе ги апси, кога мисли дека треба, и кога на СДСМ му треба за да победи".

Потоа, во најавата за следниот прилог - извештај од активностите на кампањата на ВМРО ДПМНЕ, водителот на вестите вели: „...ВМРО ДПМНЕ ја претставува својата програма. Она што го најавив - дел ќе видите, дел ќе разберете сами". Во извештајот, новинарот во јавувањето од терен, меѓу другото, коментира дека изгледа оти четвртата изборна единица ќе биде најинтересна во текот на изборите „пред сè поради тоа што таму ќе ја бијат битката лидерите на двете најголеми политички партии Зоран Заев и Никола Груевски. Така излегоа работите откако лидерот на СДСМ не се реши, не собра храброст да излезе на мегдан со Груевски во првата изборна единица, онаму каде што, па на некој начин традиционално се кандидираат кандидатите за премиер на идната влада, којашто би требало да биде избрана после изборите, па Груевски, оттука реши да тргне по Заев во четвртата изборна единица и најверојатно и затоа најголемиот дел од активностите доаѓаат од четворката". Извештајот е означен со телопите „Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ е во Неготино и Кавадарци", „Груевски: Нема пазарење со македонскиот идентитет и суверенитет", „Груевски во Прилеп вети нов театар и инвестиции во обнова на спортски објекти", „Активности на носителите на листи за подобра Македонија", „Милошоски: Битола ќе добие современа спортска сала, базен, железничка и нов експресен автопат" (14 минути и 30 секунди).

Подолу во вестите се емитува прилог во кој повторно не се почитуваат професионалните начела. Означен е со телопот „Одликувањето на Милчин со орден на УЧК не е изненадување, лани го организираше митингот на СДСМ на кој се базира изборната платформа за двојазичност и промена на Уставот" (3 минути и 3 секунди). Во најавата за прилогот се вели дека „Фондацијата Сорос и нејзиниот прв човек, речиси 20 години, Владимир Милчин" добиле признание од УЧК: „УЧК се заблагодарува на Фондацијата Сорос и Владимир Милчин за поддршката во афирмација на УЧК која ја давале во Република Македонија. Дали треба нешто повеќе да се каже како прилог кон идната федерализација односно кантонизација и двојазичност? Еве го Македонецот кој одработи добро за УЧК". Во прилогот, откако се повторува иницијалната информација за која веќе е информирано претходниот ден, се наведува дека Милчин бил недостапен да ја образложи својата позиција во врска со одликувањето. Потоа, следува повторување на дел од наводите од прилогот објавен претходниот ден – овојпат со повикување на напис од „Република". Потоа се вели дека „вистинскиот организатор и на протестот, а како што се чини и на политичката криза во Земјата беше Владимир Милчин. Секако, тука се и придружните вокали во форма на граѓански здруженија, а заедничко за сите, вклучително и за СДСМ, е тоа што сите ги плаќа Сорос, анализира Република". Се вели дека „активностите на Милчин и Сорос, за време на политичката криза" во неколку наврати предизвикале „сериозни безбедносни инциденти" по што се говори, и со слика се илустрира „судирот на демонстрантите во мај пред Владата, кога полицијата беше напаѓана со метални шипки", „палењето на Народната канцеларија на Претседателот Иванов во центарот на Скопје", „како и дивеењето на Шарената револуција и скверневењето на културните и историските споменици во Скопје и уништувањето на државните објекти" (во овој дел, снимките ги покажуваат Зоран Заев и Радмила Шеќеринска како фрлаат боја врз зградата на Министерството за правда).

Следува коментар „ВМРО ДПМНЕ: Регионализација, кантонизација, федерализација, сето ова е вметнато во изборната програма на СДСМ„, „Вељановски: СДСМ ќе прави општински полиции", „Вељановски: Заев сака менување на Уставот и федерализација", „Каква федерализација, какви бакрачи, тоа е фикс идеја во главата на Никола Груевски, одговори Зоран Заев" (6 минути и 50 секунди). Најавата од студиото гласи: „Да го заклучиме политичкиот блок со централното политичко прашање, а тоа е понудата на Зоран Заев и СДСМ за федерализација, односно кантонизација, заедно со двојазичноста. Тој вели дека тоа никогаш не го рекол, напротив бил против промена на Уставот, што не е точно, на видео снимката ќе видите што говори на повеќе места, помеѓу останатото и на митинг пред Албанците во Швајцарија, на кои очигледно им е должен и од нив очекува нешто. Освен тоа, од претседателот на Собранието Трајко Вељаноски, ќе чуете еден друг детал, кој е дел од програмата на СДСМ, ставен црно на бело. Заев предлага големите богати општини ќе бидат нешто друго, издвоени од еднаквоста со другите општини, што значи 10-15 општини кои се побогати, поголеми во Македонија ќе живеат поинаку, ќе си ги зимаат своите пари за себе, а едно 70 други општини во

Македонија, кои не се толку богати како Карпош, како Центар, како Аеродром, како Струмица, Куманово, Кисела Вода или некои други, тие – тие нека се снајдат за леб и за вода". Прилогот започнува со реприза на обраќањето на Заев пред дијаспората во Берн, Швајцарија, потоа се емитува изјава на Трајко Вељаноски од ВМРО ДПМНЕ во кој се толкуваат делови од изборната програма на СДСМ, по што се пренесува напис од „Република" под наслов „Како Заев, Сорос и албански радикали го кроеја пеколниот план за Македонија" според кој овие избори не се како другите, туку „се мерило за патриотскиот полнеж на македонскиот народ за неговата решеност да му се спротивстави на планот за распарчување на државата, кој е до детали разработен на Бихаќка". Се зборува за двојазичноста и за тоа кои функции им биле ветени на албанските партии (претседател на Собранието, премиер, претседател на државата, МВР, ДБК, БЈБ, УЈП, Царината). Се вели дека, според „Република" „пеколниот план на СДСМ и Сорос значи затворање на македонското прашање". Се потсетува на изјава на поранешна амбасадорка на Германија во Македонија од 2009 година. Потоа се вели дека поради жестоките критики од јавноста лидерот на СДСМ ретерирал, се емитува изјава на Заев од митинг дека нема да дозволи промена на Уставот кој е либерален, ја гарантира мултијазичноста и е европски, а „федерализацијата е само во главата на квазинационалисти и патриоти", на која се сопоставува неговата изјава од ТВ 21-М за граѓанскиот концепт на партијата и оти не е исклучено „со соодветно време, кога ќе дојде потребата, прагматичен за таа работа" да се случи промена на Уставот.

Во „Дневникот" во 23 часот, извештајот за активностите од кампањата на СДСМ има најава од студиото (33 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Имено, се наведува дека Радмила Шеќеринска изразила жалење поради тоа што нејзината сестра си заминува од Македонија и се вели: „забелешката на останатиот дел од публиката беше дека ни Шеќеринска, ни сестрата на Шеќеринска не верува во победата на СДСМ, ниту во ветувањата на Заев и Радмила Шеќеринска. Инаку, доколку веруваше во ветувањата на Заев и Шеќеринска, ќе останеше тука".

По емитувањето на извештајот, од студиото следува коментар (56 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Коментирајќи дел од обраќањето на Зоран Заев на митингот, водителот вели „има некоја збунка овдека во математикава на Заев, ама тоа не може онака, едно за мене едно за Вицето. Овдека има конкретна математика". Откако се објаснува во кој дел е грешката на Заев, и дека за да се спроведе неговото ветување треба едно семејство да има меѓу пет и 10 илјади евра месечно и да ги потроши, се вели: „Колку семејства, освен на Заев, месечно имаат приходи помеѓу пет и 10 илјади евра. Веројатно Заев мисли на своето семејство кое веројатно има и повеќе од пет до 10 илјади евра согласно неговите приходи".

Малку подолу во вестите има говор од студиото (1 минути и 39 секунди) со негативен тон и рамка за СДСМ. Во оваа содржина не се почитува професионалното начело според кое публиката треба сама да оформи свое мислење, бидејќи во неа се настојува на публиката да и се наметне начинот на кој треба да сфати одредена изјава. Се наведува дека Стево Пендаровски изјавил оти ќе го укине сегашното судство, „не како институција, ќе праеле смена на сите судии, ќе праеле ново, како што праеја еднашка, сменија 650 судии за еден ден во СДСМ. Е, сеа, ќе праеле нови судии, и СЈО ќе добие мандат колку шо му треба. Царски мандат, значи до смрт, за да ги искоренело сите од ВМРО ДПМНЕ, кои се нивни непријатели, а Заев посочи кои се. Шо значи, нема да имаме судство избрано во нормални законски демократски услови, ќе имаме само СЈО со неограничен мандат" Потоа се вели дека Пендаровски „сопствениот народ, јавно, повеќе пати го нарекуваше дека е обична стока, стадо. Е сега имаме една од тие изјави дадени од Стево Пендаровски. Дали сте вие дел од стадото на Стево Пендаровски?" Потоа, се емитува снимка од стара изјава на Пендаровски, пред група граѓани, која гласи: „Слушам дека бројкава на гласови, ми кажаа, дека е подобрена, од минатиот пат. Зборам воопшто за целиов, за целиов овој реон, што е добар знак со сите притисоци и закани. Имате една предност пред нив. Вас не ве качуваат у комбиња као стока (овој дел од изјавата се повторува), него гласате као граѓани со име и со презиме и така да остане. За кого сакате гласајте, ама гласајте самите со своја свест и совест, а не да ве товараат во фургони и да ги носите колективно на гласање". Потоа од студиото се вели: „Не се заборава".

Ова издание на вестите е одјавено со забелешката дека во вестите доминира политиката, „но до 11 декември ќе биде така, а потоа се надеваме дека ќе избереме исправно и нема да иаме криза".

На 24 ноември, се емитува осврт „Андреас Грос за Сител: Со Заев делиме исти ставови, промена на Уставот и двојазичност за Македонија" (4 минути и 33 секунди) во кој има негативна рамка за СДСМ. Прилогот, во најголем дел е пишано интервју на швајцарскиот политичар Грос за Сител, а кон крајот се репризира обраќањето на Заев пред дијаспората во Берн, се емитува и дел од обраќањето на Грос на истиот настан, по што медиумот завршува со: „Заев од партиските митинзи тврдеше дека не постојат никакви идеи за федерализација и двојазичност во Македонија". Прилогот е објавен во двете анализирани изданија на Дневникот.

Следува уште еден осврт, објавен и во двете изданија на „Дневникот", со негативна рамка за СДСМ „Кандидатката за пратеник на СДСМ, Ѓулумсер Касапи децидна: Програмата на СДСМ предвидува редефинирање на државата" (3 минути и 22 секунди). Во него е преземена изјава на Ѓулумсер Касапи од емисија емитувана на ТВ Алсат-М за тоа дека таа смета оти СДСМ ќе го реши прашањето на употребата на албанскиот јазик на територијата на државата. Потоа, медиумот ја повторува изјавата на Трајко Вељаноски од Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ за тоа дека „прашањето за редефинирање на државата е внесено во програмата на СДСМ". На крајот, медиумот вели: „Ставовите на Касапи доаѓаат како потврда по пораките од лидерот на СДСМ упатени пред албанската дијаспора во Швајцарија и во неколку негови телевизиски интервјуа".

Во бизнис вестите се пренесува „Паскал Хјуз: Македонија е отворена за бизнис" (2 минути и 25 секунди) – колумна на економистот Хјуз објавена во The Hill со позитивна рамка за политиките на власта. Прилогот, во вториот анализиран „Дневник" е означен со телопот „THE HILL" за економските достигнувања: Македонија е отворена за бизнис".

На 26 ноември, во вестите во 19 и во 23 часот, се емитува прилог, означен со телопите „Сител анализира: Дали изборната кампања на СДСМ „За живот во Македонија" е автентична изборна платформа на СДСМ?", „Сител анализира: Дали слоганот е само нивни, дали програмата ја нема никој друг?" „За живот во Македонија" – оваа кампања е целосно украдена од соседна Србија", „Кампањата за живот во 2011 година беше изборна кампања на српските ултра националисти и фашисти Двери" (1 минута и 54 секунди) во кој прави споредба меѓу кампањата на српската партија Двери и онаа на Коалицијата предводена од СДСМ. Се покажува сличноста на слоганите, бојата, и се тврди дека ако се споредат нивните програми „внатре ќе се најдат буквално истите работи, што значи на Бихаќка, не ни напишале програма туку само направиле превод од српски". Се оценува дека со ова се потврдува оти СДСМ „има ангажирано скапи продавачи на магла од Србија кои им ја водат кампањата, но истовремено учествуваа во организирањето на нередите преку т.н. Шарена револуција". Се вели дека тоа се контроверзни личности, вплеткани во корупција кои на СДСМ и продале „кампања и слоган целосно украдени од српската партија". На крајот се вели дека Двери е екстремно десничарска партија во која членови се најрадикалните српски националисти.

Потоа, во обете анализирани изданија на „Дневникот" следува освртот, чии акценти се извлечени во телопите „Аналитичари: Опасни се тезите за зголемена децентрализација на општините" и „Аналитичари: Тоа ќе ги подгрева Албанците кога тогаш да создадат етнички тензии" (2 минути и 38 секунди). Во него, аналитичарот Никола Србов и политикологот и аналитичар Владимир Божиновски, коментираат делови од програмата на Коалицијата предводена од СДСМ. Србов смета дека во Македонија е премногу опасно да се формира полиција на ниво на општини „бидејќи сме мултиетничко општество на Балканскиот Полуостров каде што приликите се прилично, прилично опасни" и дека со текот на годините, децентрализацијата ќе води до одделување на општините и тоа е кантонизација. Божиновски вели дека можеби СДСМ не ветил федерализација, но тогаш што е двојазичност - регионализација - федерализација, за што говорел Грос, а Заев седел до него. Се вели дека според аналитичарите, изјавите на Заев за двојазичноста и за уставни измени „се многу опасни бидејќи можат во иднина да разгорат етнички тензии во државата". Има анкета со негативни ставови од граѓани.

Нешто подолу во вестите, зад прилогот со анкетата на Брима Галуп, се емитува осврт, во кој Александар Даштевски, универзитетски професор и Владимир Божиновски, политиколог и аналитичар, ги коментираат нејзините резултати. Даштевски смета дека разликата во корист на ВМРО ДПМНЕ е во тоа што

„владејачката партија се концентрираше на реализација на проекти, додека опозицијата водеше кампања за создавање на политичка криза". За Божиновски „победникот на овие избори одамна е познат, само не е позната разликата во бројот на гласови". Означен со телопите „Експерти: Граѓаните ќе гласаат за завршување на кризата" и „Експерти: Граѓаните одбираат реални програми кои може да им донесат нови работни места и да им го подобрат животот" (2 минути и 19 секунди).

На 27 декември, во двете изданија на вестите, има осврт „Анализа: Изјавите на Заев контра националните интереси имаат континуитет" (3 минути и 42 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Најавата гласи: „Од виткањето кичма, до промената на Уставот и надминувањето на Охридскиот рамковен договор. Аналитичарите потсетуваат дека изјавите со кои се нарушува македонскиот национален интерес имаат континуитет кога станува збор за Заев и СДСМ. Последните изјави се особено опасни и според историчарите". Во прилогот се пренесува дел од изјава на историчарката Виолета Ачкоска, дадена за утринската програма на ТВ Сител, за позицијата на големите сили во однос на постоењето на Македонија како држава, за потребата да се зачува нејзината унитарност и белезите од кои Заев се откажал. Се вели дека нејзината реакција доаѓа по последните изјави на Заев, по што се репризираат изјавите на Зоран Заев од Берн и од емисијата од ТВ 21 М.

На 28 ноември, „Дневникот" во 19 часот започнува со сегмент со негативен тон и рамка за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а се состои од најава од студиото и прилог. Обраќањето од студиото (5 минути и 12 секунди), е означено како уреднички коментар. Овој говор содржи закани за покренување кривични и прекршочни постапки против „раководството на Агенцијата за медиуми, почнувајќи од директорот, а понатаму до одговорните во стручните служби" поради, како што се вели „злоупотреба на службена положба и несовесно работење во службата, особено на стручните служби". Се изнесуваат низа невистини, меѓу кои и тврдење дека „создадовме нов СЈО со Агенцијата за медиуми. Имено, и СЈО и Агенцијата за медиуми таргет за казнување, за заплашување, за притисоци имаат исклучиво листа на луѓе, во случајов на Агенцијата за медиуми, на медиуми, кои Заев ги прогласи за непријатели".

Потоа се емитува коментар (3 минути и 48 секунди) во кој се пренесува ставот на „дел од членовите на Ад-хок телото" Цветин Чилиманов и Слаѓана Димишкова, членови на Привремената комисија за следење на медиумското претставување (од допис упатен до Агенцијата), со негативен тон и рамка за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во прилогот се тврди дека „Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги работи по партиска директива. Доказ за тоа се сите нивни извештаи подготвени тенденциозно со цел да наметнат можност за казнување на медиумите кои не им се наклонети на СДСМ". Во прилогот е емитувана и изјава од Цветин Чилиманов.

Подоцна во вестите има најава од студиото, означена како уреднички коментар, со негативна рамка за СДСМ (1 минута и 47 секунди). Најпрвин се вели дека на митингот на ВМРО ДПМНЕ во Скопје претходниот ден имало повеќе од 80 000 луѓе „бидејќи е многу битна темата – темата е дали ќе се федерализира Македонија, ќе влезе во двојазичност и во неповратен процес". Потоа се наведува дека весникот „Вечер„ објавил изјава од Муса Љамалари, еден од лидерите на емиграцијата на Албанците во Европа - „благодариме до Заев, тоа што ни го вети, тоа го исполнува, тој е за нас месија. Тоа е сериозна изјава". Потоа се најавува темата на наредниот прилог дека кампањата и програмата на СДСМ е украдена од српската партија Двери, која е националистичка, и толку е небитна што добила поддршка од 5%. Се вели дека СДСМ се обидува таа програма да ја издигне во победничка и оти партијата ја сменила и својата боја на овие избори. Најавата завршува со зборовите: „Еве ја кражбата на денот".

Следува уште еден прилог „Српските ултранационалисти Двери имаат намера да покренат судска постапка за кражбата против СДСМ" и „Двери за 'Вечер': Мило ни е што СДСМ ја украла нивната анти НАТО и антиглобалистичка програма" (1 минута и 42 секунди). Во него се пренесуваат написите од „Дневник" и „Вечер" со изјави од претставници на српската партија Двери за сличноста меѓу кампањата и програмата на Двери со онаа на СДСМ. На крајот се наведува „инаку, Двери важи за екстремно движење на најрадикалните српски националисти. За тоа колку нивниот концепт е квалитетен и вреднуван меѓу српските гласачи потврда се резултатите од минатите избори во Србија кога партијата, и тоа во коалиција со Демократската странка на

Србија, заедно освоија 5,04% од гласовите едвај го поминаа цензусот за влез во парламентот". Прилогот има негативна рамка за СДСМ.

Во најавата за наредниот прилог, извештај од активностите од кампањата на Коалицијата предводена од СДСМ, се вели: „Ајде сега Мими во Кавадарци да не извести што превеле од српскава програма во СДСМ и што им предложиле на Македонците од Двери".

Подолу во вестите, има најава за интервјуто на Љубисав Иванов Ѕинго за „Вечер", која е означена како уреднички коментар (1 минута и 1 секунда), со негативна рамка за СДСМ. Во неа, меѓу другото, се вели дека Македонија се наоѓа во критични моменти, бидејќи над две годни „ни е наметната политичка криза и тоа не по наша волја. Ние имаме меѓу најдобрите економски резултати, етнички резултати, граѓански резултати, во регионот. Но, некој сакаше криза, за на овие избори да ни се понуди од страна на социјалдемократите кантонизација и да ни се понуди двојазичност на целата држава, со што Македонците го губат она што го имаат во единствената држава во која и имаат нешто".

Подоцна се пренесува напис од „Вечер", означен со телопот „'Вечер': „Струмица гас" продава гас на физички и правни лица, иако нема заведено лиценца" и „'Вечер': „Струмица гас" неконтролирано влече пари од јавните претпријатија" (2 минути и 29 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Во него се продолжува обработката на темата за снабдувањето на Струмица со гас, од следниве аспекти: „продавањето на гас во Струмица е речиси дупло поскапо отколку во Скопје", „фирмата која го продава гасот во Струмица ја води партиски човек и тоа на функција во СДСМ, под контрола на Зоран Заев и трето најстрашно, таа фирма воопшто нема лиценца да го прави тоа, а притоа приходува".

Во „Дневникот" во 23 часот, се емитува коментар (4 минути и 6 секунди), со негативен тон и рамка за СДСМ. Најавата е означена како уреднички коментар и во неа се вели дека на овие избори ќе „се вртат две работи" – персоналната, дали ќе се гласа за Никола Груевски „со сите работи што одат со тоа име" или за Зоран Заев „со сите работи што одат, па со тоа име". А другата работа ќе биде „дали ќе се гласа за двојазична и кантонална, или федерализирана Македонија или против тоа ќе се гласа. Бидејќи не е случајно тоа што на Заев му е дадена задачата сега да бара двојазичност и кантонизација. Тоа е координирана акција. Пет општини почнаа изградба на голема Албанија. Пет општини од Албанија, Косово и Македонија решија да се поврзат меѓу себе. Денес се пет. Ако Македонија изгласа уставни промени кои ги бара Заев, тоа ќе биде и правно можно. Утре ќе бидат десет. Задутре ќе бидат дваесет. И толку е". Потоа следува коментар означен со телопите „Голема Албанија на мала врата – пишува Б92" и „5 општини од Македонија, Косово и Албанија на мала врата формираа Сојуз на албански општини". Прилогот започнува со пренесување напис од Б92 за поврзувањето на петте општини од регионот во „унија на албански општини". По ова се емитува изјава на политичкиот аналитичар Александар Пандов (ова ја отвора Пандорината кутија и е почеток на планот за кој се залага Зоран Заев за двојазичност и кантонизација, „најголемите диктатори, најголемите фашисти во светот тргнале со некои ситни чекори, со некои ситни идеи. Они срамежливо сега во нивната изборна програма предвидуваат децентрализација, но со самото тоа они ја вреѓаат интелигенцијата на Македонецот"). Се репризира изјавата на Заев пред дијаспората во Швајцарија, дадена пред неколку недели. Следува изјава на Трајко Вељаноски од ВМРО ДПМНЕ дадена пред неколку дена, во која се осврнува на дел од програмата на СДСМ, велејќи дека најавеното воведување политипни општини најверојатно е „територијалната реорганизација по урнек на швајцарското кантонално уредување што го ветуваше Заев". На крајот се завршува со навод дека „идејата за федерализација беше поддржана и од медиумите блиски до СДСМ, а доскорешниот прв човек на Сорос Владимир Милчин, беше одликуван за заслуги за унапредување на Албанците".

Веднаш потоа следува сегмент, означен како уреднички коментар (1 минута и 25 секунди) кој не може да се класифицира како новинарски жанр, а спротивно на професионалните начела од член 61 од ЗААВМУ на публиката и наметнува свои ставови и ја убедува во нив. Сегментот започнува со објаснување на кантоналното уредување на Швајцарија на италијански, германски и француски кантони, бидејќи во нив „претежно живеат или јазик користат припадници на етничките заедници на Италија, на Франција и на Германија, односно Австрија". Потоа се вели дека ако Македонија биде кантонална „како што Заев јавно им

нуди и на македонските, особено на албанските гласачи, значи дека во Македонија нема Македонци. Можда има по државјанство, но не по етнички национални обележја. Што значи тоа? Македонија ќе има кантони бугарски, грчки и албански. Македонци ќе имаат пасош, ќе се викаат горе Република Македонија, како што е Швајцарија, ама Македонци нема да има внатре. Швајцарците имаат државјанство, но говорат јазици, почитуваат култури и следат традиции на други народи. Затоа, на пример, замислете да го направиме Косово кантонално, па да имаме српски кантон, македонски кантон кај Горанците и албански кантон, остатокот. Па зошто да не? И онака не е признаено Косово од Обединетите нации".

Нешто подоцна се емитува уште еден уреднички коментар (1 минута и 19 секунди) со негативна рамка за СДСМ. Станува збор за најава за прилогот во кој се тврди дека СДСМ ја украла програмата и кампањата од српската партија Двери, со истите тези од „Дневникот" во 19 часот. Потоа се репризира прилогот „Српските ултранационалисти Двери имаат намера да покренат судска постапка за кражбата против СДСМ" и „Двери за 'Вечер': Мило ни е што СДСМ ја украла нивната анти НАТО и антиглобалистичка програма" од вестите во 19 часот.

Следува одјавата на „Дневникот", во која, меѓу другото се вели: „на изборите гледајте го својот интерес. Лево, десно, горе, доле, тоа се менува. Својот интерес. Кој тоа може да ви го исполни што вие го очекувате, секако во рамки на државните институции, и кој досега било што нешто направил за вас, ваш член на фамилија, или ваш близок или пријател. Ако направил нешто до сега, бујрум. Ако не напраил, не гледам зошто на вас би вежбал да прави експеримент".

На 30 ноември, во извештајот означен со телопите „Второ полувреме од предизборната кампања: ВМРО ДПМНЕ во Виница и Кочани", „Никола Груевски во посета на Банско и Куклиш" и „Активности на носителите на листи на Коалицијата за подобра Македонија" репортерот од теренот коментира дека претседателот на СДСМ Зоран Заев „очигледно" побегнал од лидерскиот дуел со Груевски.

Во двата анализирани дневника се емитува коментарот „Кантонизација според визијата на Заев: едно село – еден кантон" (3 минути и 40 секунди) со негативна рамка за Зоран Заев и СДСМ. Во него се емитува нов дел од обраќање на Зоран Заев пред дијаспората во Швајцарија, во кој говори дека треба да има уште поголема децентрализација, при што вели „гледам овде едно село е кантон и тоа село си одлучува овде за самото село", по што се емитува изјавата на Трајко Вељаноски од ВМРО ДПМНЕ за тоа дека „целта на СДСМ е федерализација". Следува дел од интервјуто на ТВ Сител со претседателот на албанската дијаспора Муса Љамалари со вовед дека и тој „потврди дека нивните заложби се за федерализација на Македонија", по што се пушта неговата изјава оти тој смета дека федерализацијата е подобра. Следува изјава од уметникот Александар Станковски со негативен став. Потоа, се вели дека „случувањата во изминатиот период во регионот само ги потврдија плановите зад кои стои албанската дијаспора" по што се потсетува на текстот од Б92 дека во Тирана е потпишан договор за формирање унија на албански општини од регионот. На крајот се вели дека поткрепа за ова е инцидентот кога пред посетата на Барак Обама на Атина, во возило на албанската амбасада биле пронајдени учебници со карти на голема Албанија.

Следува (во обете изданија на вестите) уште еден коментар, овојпат симулиран/преземен од „Дневник" - „Избирачкиот список заклучен: Ниту трага, ниту глас од наводните 500 илјади фантоми" (3 минути и 37 секунди) за тоа дека Избирачкиот список е заклучен, се емитуваат постари изјави од Радмила Шекеринска и Зоран Заев со различни податоци за тоа колкав број гласачи треба да се проверат, по што се повторуваат соопштенијата на ВМРО ДПМНЕ и на СДСМ објавени претходниот ден.

***Посебни информативни емисии***

*Друга информативна програма*

На 27 ноември, од 18 часот и 15 минути до 18 часот и 42 минути, има посебна информативна емисија *Отворено студио* во живо од плоштадот во Скопје каде се очекува почетокот на митингот на Коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ во главниот град. Со политичките аналитичари Сашо Клековски и Владимир Божиновски се анализира текот на првата половина од кампањата. Овие изјави се емитувани и во „Дневникот" во 19 часот.

***Други програми***

Во утринската програма *„Ја сакам Македонија"*, во сегментот наменет за контакт со гледачите – насловен *На дневен ред*, во овој извештаен период неколкупати се појавуваат теми поврзани со изборите.

На 23 ноември се разговара за тоа: „Што е национален интерес? Интересот на државата версус интересот на политичарите. Што се црвени линии? Заслужува ли граѓанинот да знае до каде и за што може да преговара неговиот водач?" Има јавувања на гледачи кои се против идејата на Заев за двојазичност. Има и разговор со проф. д-р Виолета Ачкоска, историчарка и универзитетска професорка. Репризата е емитувана на 24 ноември во ноќните часови.

На 25 ноември, темите се: „Сорос плаќал по 15 долари од час за учесниците во протестите против Трамп. Каде сѐ Сорос има финансирано и со какви цели? Колку Сорос плаќа за протестите ширум Европа? Ги финансира ли Сорос протестите во Македонија? Колку пари се доволни за да задоволат еден демонстрант, професионалец? Плаќал ли за протести во Македонија?" Има разговор со Александар Русјаков, колумнист. Репризата беше рано утрото на 26 ноември.

На 29 и на 30 ноември се емитуваат два дела од документарната програма „Светот по Сорос", во која се користат инсерти од Шарената револуција во Скопје. Во емисијата зборуваат повеќе странски и домашни соговорници меѓу кои Мирка Велиновска, Тања Каракамишева, Бобан Нонковиќ, Борјан Јовановски, Миленко Неделковски, Зоран Витанов, Владимир Божиновски, Ирена Цветковиќ, итн. Сценаристи се: Цветин Чилиманов, Бранислав Саркањац и Александар Русјаков.

***Сектор за програмски работи***